ОДДЕЛЕНИЕ VIII

# ТЕМА : Регион на Централна Европа

НАСТАВНА СОДРЖИНА

# РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Знаме



Грб




## Наставници:

ЕМИЛИЈА КОКИНОВСКА

ЕЛИЗАБЕТА КАРОВСКА

# Географска положба

Полска го зафаќа **најисточниот** дел на **Средна Европа**. На север се граничи со **Балтичко Море и Русија**, на исток со **Литванија, Белорусија и Украина**, на југ со **Чешка и Словачка** и на запад со **Германија**. Во овие граници таа зафаќа површина од **312 000 км2**. На тој простор живеат **39 милиони жители**.

Полска има **поволна географска** положба бидејќи излегува на Балтичко Море. Освен тоа низ нејзината територија минува трансконтиненталната железница што води за Азија. Брегот на Балтичко Море овде е долг близу 500 км, меѓутоа тој е низок , песоклив и слабо разгранет





Релјефот во Полска е **претежно низински**. Само во јужните делови кон Чешка и Словачка се наоѓаат ниски и средни планини. Тоа е **Полска Висија** со највисокото место **Лиса Гора ( 611 метри**).
Во Полската Низина има голем број на мали езера меѓу ридестите области.

Во јужните области кон Чешска и Словачка земјиштето е планинско. Таму се протегаат **Карпатите (Бескидите).** Тие се богати со шуми и руди( камен јаглен и сол).
Највисокиот дел на средногорскиот појас во Полска се **Судетите**, грамадни планини на границата со Чешка (највисок врв Сниешка, 1602 м),



Во северното подножје на Карпатите се наоѓа пространата **Шлеска Котлина** со богати наоѓалишта на камен јаглен. Во северниот дел е покриена со прапор, многу е индустријализирана и густо населена, а во источниот дел е исполнета со песочни наноси и е ретко населена. Од неа кон југ постепено се издига предгорјето на **Карпатите** прво средногорските **Бескиди** (највисок врв Бабја Гора, 1725 м), градени од мезозојски варовник и флиш, а на крајниот југ високите **Татри** (највисок врв Риси, 2.499 м) од гранит и метаморфни карпи.



Мало ледничко езеро на Татрите



# Клима

Климата во Полска е :

**умерено – континентслна и континентална** , а на Бескидите планинска.

Северозападните делови се под влијание на западни воздушни маси ,а југоисточните делови се под влијание на сибирски антициклон.






# Хидрографија

Реките во Полска се пловни , полноводни и припаѓаат на Балтичкото сливно подрачје. Во Полската Низина има голем број на мали езера меѓу ридестите области, низ кои течат реките **Висла, Варта , Одра и други**. Тоа се пловни реки, но зиме замрзнуваат и не се користат за сообрајќај.

Реките имаат мал пад и поради тешката индустрија се многу нечисти

Полска има околу 6000 езера, од кои најмногу се наоѓаат во северниот дел на државата.



Одра




Тек на реката Одра



Морско Око-Ледничко езеро на Татрите

# Население и населби

Со своите 38.116.000 жители, Полска е осма најголема држава во Европа и шеста најголема држава во ЕУ. Густината на населението е околу 122 жители на километар квадратен.

Населението на Полска го сочинуваат Полјаци кои пришаѓаат на словенска група на народи.

- низок природен прираст+ голема емиграција=намалување на бројот на населението

Поради холокаустот и Втората светска војна, Полска стана скоро хомогена католичка држава. Повеќето од Полјаците, околу 89% се католици. Полска е една од најрелигиозните држави во Европа. Покрај католиците, во Полска има и полски православни христијани, протестанти, Јеховини сведоци , и различни помали религиозни групи.




Полова старосна пирамида

Манастирот Јасна Гора



# Главен и најголем  град Варшава



Главен град на државата е Варшава. ( Се смета дека Варшава е географскиот центар на Европа) Други поголеми градови се Краков , Катовице, Вроцлав, лоѓ и др. На Балтичко Море се наоѓаат пристаништата Шќеќин , Гдањск и Гдиња.



Краков



Катовице – центар на туризмот

# Природни богатства и стопанство



Пристаниште Гдањск

- Најголем производител на компир во свет
- Одгледување на свињи
- Шлонск – рударско – индустриска област
- јаглен, бакар, олово, цинк, камена сол, сребро и помали извори на нафта
- шуми – преработка на дрво

- Од индустриските гранки развиени се металургијата , машинската, текстилната и други.
- Полска има висок број на приватни фарми во земјоделскиот сектор, со потенцијал да стане лидер во производството на храна во ЕУ.



Финансиски центар во Варшава



Морско пристаниште во Шчеќин



Воз произведен во фабриката Песа
во Бидгошч



Горна шлески индустриска зона -
Катовице

# Туризам

ЗАКОПАНЕ
туризам

Туризмот во Полска е во развој и тоа во јужниот дел каде се наоѓаат Судетите и Бескидите. Најпознат туристички центар во Полска е Закопане.



Во надворешната трговија Полска тргува најмногу со земјите на Источна и Западна Европа. Увезува земјоделски производи, јужно и средноевропско овошје како и суровини за нејзината индустрија, а извезува јаглен машини и апарати за домаќинство.

# Логорот Аушвиц

- Логорот Аушвиц - Биркенау - Auschwitz -Birkenau беше најголем нацистички конц логор за масовно уништување на луѓето.

Се наоѓаше на југот на Полска . 50 км западно од Краков и 286 км од Варшава.

Во конц логорот Аушвиц депортирани беа 1,3 милиони луѓе од разни делови на Европа.

Поголемиот број на жртви беа убиени штом стигаа во логорите во комората за гас на Аушвиц II користејки го циклонот на В гас.

Останатите умреа од систематска глад, принудна работа, стрелање и медицински експерименти. Меѓу настраданите имаше и 19.000 Роми кои беа убиени во јули 1944 година.

Заповедникот на логорот Рудолф Хес на судењето во Нинберг кажа дека во Аушвиц погубени биле до 2,5 милиони луѓе.

UNESCO овој камп во 1979 година го прогласил за светско културно наследство под името “Auschwitz-Birkenau – германски нацистички конц логор на смртта„

Инаку логорот е ослободен од страна на 322 дивизија на Црвената армије на 27 јануари 1945, Во логорот беа пронајдени 348.820 машки одела и 836.255 женски кои им припаѓаа на жртвите,

Денот на ослободување на Аушвиц 27 јануари е воедно прогласен и како „Меѓународен ден на сеќавањето на жртвите на Холокаустот„






© imago/BE&W

# Домашна работа

Прашања за домашно

1. Каков е релјефот во Полска ?
2. Кои индустриски гранки се развиени во Полска?
3. Што се одгледува најмногу од земјоделските култури?

На атласот пронајди ги градовите Варшава и Вроцлав и константирај кои реки поминуваат низ нив !